За потребите на проектот „Интеграција на Западен Балкан во Единствениот дигитален пазар на ЕУ“ финансиран од Фондациите Отворено општество – Западен Балкан, Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис објавува:

## ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ

## за спроведување истражување на тема импликации на Законот за дигитални услуги на ЕУ на граѓанските организации и истражувачките новинари во Северна Македонија

### 1. За проектот

Фондацијата Метаморфозис во партнерство со Партнери Србија (Србија), Зошто не? (Босна и Херцеговина), НВО 35 mm (Црна Гора), Women in Tech Kosovo (Косово); Институт за демократија и медијација (Албанија) го реализираат проектот „Интеграција на Западен Балкан во Единствениот дигитален пазар на ЕУ“, финансиран од Фондациите Отворено општество – Западен Балкан. Проектот има за цел унапредување на стандардите за дигиталните права во регионот на Западен Балкан и придонесување за негова успешна интеграција во Единствениот дигитален пазар на ЕУ.

Очекувани резултати во рамките на проектот се: развој и примена на заедничка стратегија за застапување за соодветно усогласување и заштита на човековите права во дигиталниот контекст, фокусирајќи се на пристапот со вклучување на повеќе засегнати страни; зајакнување на капацитетите на граѓанското општество, медиумските организации и релевантните државни чинители во шесте земји од WB6 за вклучување во регулаторните процеси поврзани со дигиталните права и следење на имплементацијата на релевантното законодавство; и подигање на свеста и поттикнување на дијалог и размена меѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор за прашања врзани со дигиталните права, со посебен фокус на влијанието на Законот за дигитални услуги (DSA) и Законот за дигитални пазари (DMA) во WB6.

### 2. Предмет на набавка

Предмет на набавката е спроведување истражување на тема импликации на Законот за дигитални услуги на ЕУ на граѓанските организации и истражувачките новинари во Северна Македонија.

Целта на истражувањето е да обезбеди анализа на потенцијалните влијанија од спроведувањето на Законот за дигитални услуги (DSA) на граѓанските организации и медиумите кои се занимаваат со истражувачко новинарство во Северна Македонија.

Истражувањето треба да опфати анализа на легислативата предвидена со DSA, политичкиот контекст во Северна Македонија и актуелната позиција на граѓанските организации и истражувачкото новинарство во Северна Македонија.

Дополнително, истражувањето треба да се осврне и на: искуствата на граѓанските активисти и новинари во врска со нивната работа, користењето на социјалните медиуми и нивното минато искуство со владата; дали под притисок на DSA за брзо отстранување на нелегална содржина за да се избегне одговорност, платформите многу повеќе би се потпирале на процесите на алгоритамско бришење и на доверливите пријавувачи (Trusted Flaggers) и координаторите за дигитални услуги (Digital Services Coordinators); и независноста на регулаторните тела за медиуми поради ризикот од тоа властите прекумерно да влијаат на модерирањето на содржините што може да резултира со непропорционално таргетирање и отстранување на содржините на граѓанските организации и истражувачките новинари кои ја критикуваат власта.

**3. Задачи и временска рамка**

Активностите и задачите кои треба да бидат покриени се прикажани во табелата во продолжение.

Сите доставени продукти треба да бидат на македонски или англиски јазик.

| АКТИВНОСТИ И ЗАДАЧИ | РОК ЗА ДОСТАВА |
|---|---|
| А1. **Истражување кое вклучува изработка на методологија, прибирање и анализа на податоци** | 11 ноември – 29 ноември 2024 |
| А2. **Подготовка на драфт-верзија на извештај** и краток преглед со најважните наоди и/или препораки (info sheet) | 20 декември 2024 |
| А3. **Подготовка на финална верзија на извештај** и краток преглед со најважните наоди и/или препораки (info sheet) | 30 декември 2024 |
| А4. **Обука за граѓански организации и медиуми за учество во регулаторните процеси и мониторинг**<br><br>Обука за граѓански организации и медиуми со фокус на пристапот кон човековите права при развивањето на регулативите за дигитални права, каде што заштитата на приватноста, слободата на информации и другите човекови права се императив. Дополнително, обуката ќе биде посветена на мониторинг на спроведувањето на DSA и DMA, истакнувајќи ја важноста на ефикасните механизми за овозможување на граѓаните да ги остварат и заштитат своите права.<br><br>Нарачателот се обврзува да обезбеди учесници за настанот. | јануари – април 2025 |
| А5. **Градење на капацитетите и брифинг за DSA и DMA за претставници на релевантните институции**<br><br>Настан за градење на капацитетите и брифинг на националните регулатори и други релевантни институции, насочен кон градење капацитети за институциите чија надлежност е поврзана со одредбите на DSA и DMA и информирање на овие институции за политичките позиции на граѓанското општество и медиумите и презентирање на пристапот на повеќе засегнати страни и неговите предности. | јануари – јуни 2025 |

| | |
|---|---|
| Нарачателот се обврзува да обезбеди учесници за настанот. | |

**Напомена:** Временската рамка е подложна на промени согласно со потребите на проектот.

Секоја можна промена иницирана од страна на избраниот понудувач треба да биде претходно одобрена од страна на Метаморфозис.

Ангажманот вклучува следствено состаноци со тимот на Фондација Метаморфозис. Состаноците може да се водат онлајн или во живо.

**Методологија и пристап**

Давателот на услугата се охрабрува да користи и деск истражување и интервјуа за да ги собере потребните податоци за подготовка на истражувањето, наодите и препораките, а сѐ со цел подобро да се разбере како спроведувањето на DSA во Северна Македонија може да влијае на граѓанските организации и медиумите што се занимаваат со истражувачко новинарство.

Дополнително, може да се користат и наодите од анализата за подготвеноста на земјите од Западен Балкан да ги усогласат своите национални регулативи со DSA, дадени во изданието на англиски јазик: Towards a Feasible Implementation of the Digital Services Act in the Western Balkans Study of the regulatory and institutional preparedness for harmonization with DSA in the Western Balkans, како и истражувањето на тема Implications of the EU Digital Services Act on Critical Voices in Serbia: Challenges for Civil Society Organizations and Investigative Journalists спроведено во Србија.

**4. Услови за пријавување**

Право на учество во овој повик имаат физички лица, индивидуално или во тим. Понудувачите треба да ги исполнуваат следните критериуми:

- Претходно искуство во спроведување на истражувања од сродни области (најмалку 2 истражувања во последните 5 години);
- Високо ниво на познавање и примена на англискиот јазик (усно и пишано);
- Познавањето на областа ќе се смета како предност;
- Позитивен однос и способност за работење со почитување строги рокови;
- Спремност за учество на состаноци и настани поврзани со проектот, онлајн, во земјата и во странство (доколку условите го дозволуваат тоа).

**5. Рок и начин на пријавување**

Понудите се доставуваат на македонски или на англиски јазик, по електронски пат на е-адресата: nadica@metamorphosis.org.mk **најдоцна до 01.11.2024 година до 16:00 часот**, а насловот на пораката треба да биде: **Понуда за истражување.**

**6. Елементи на понудата**

Понудата треба да содржи следните елементи:

a. Предлог методологија во која ќе биде објаснет пристапот за подготовка на истражувањето, наодите и препораките, листа на засегнати страни кои ќе бидат интервјуирани, а сè со цел подобро да се разбере како спроведувањето на DSA во Северна Македонија може да влијае на граѓанските организации и медиумите што се занимаваат со истражувачко новинарство.
b. Финансиска понуда која треба да се изготви според образецот даден како Прилог 1.
c. Кратка професионална биографија/ии на кандидатот/ите врз основа на кои ќе може да се утврди исполнувањето на критериумите наведени во точка 4 од овој повик. Метаморфозис има право да побара докази за секоја квалификација наведена во кратката професионална биографија на кандидатите.

Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

Понудите кои ќе содржат непотполна или неуредна документација, како и понудите кои ќе бидат доставени по рокот утврден во овој повик, нема да бидат земени предвид за понатамошна евалуација.

**7. Период на важност на понудата**

Периодот на важност на понудата треба да изнесува најмалку 30 дена од денот на крајниот рок на доставување на понудите за кое времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.

**8. Појаснување на тендерската документација**

Сите барања за појаснувања на тендерската документација може да се испратат на е-пошта: nadica@metamorphosis.org.mk, најдоцна до 30.10.2024 година.

**9. Измена и дополнување на тендерската документација**

Метаморфозис го задржува правото најдоцна 5 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, за што веднаш ќе ја објави измената и ќе ги извести потенцијалните понудувачи кои поднеле барање за појаснување.

Во случај на измена на тендерската документација, Метаморфозис може да го продолжи крајниот рок за доставување на понудата по барање ако постојат оправдани причини за тоа и за тоа ќе направи соодветна објава.

## 10. Начин и услови на плаќање

Плаќањето ќе се изврши целосно по реализација на услугата, односно по доставување на извештај за сработеното и негово одобрување од страна на проектот.

## 11. Критериуми и начин на избор на најповолна понуда

Изборот на најповолна понуда ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда (50 бода за квалитативна понуда и 50 бода за финансиска понуда).

| ЕЛЕМЕНТ | МАКСИМУМ БОДОВИ |
|---|---|
| **1. Квалитет на понудата**<br>- Претходно искуство за спроведување на истражувања на теми поврзани со Законот за дигитални услуги (DSA) прикажано преку доставените кратки професионални биографии | **50** |
| **2. Цена** | **50** |
| **Вкупно (1+2)** | **100** |

За критериумиот квалитет на понудата, ќе се оценуваат следните аспекти:

- Претходно искуство за спроведување на истражувања на теми поврзани со Законот за дигитални услуги (DSA) прикажано преку доставените кратки професионални биографии.

Ќе се избере понудувачот кој ќе добие вкупно најмногу бодови (квалитет + цена).

Фондацијата Метаморфозис го задржува правото да не избере понудувач доколку Комисијата одлучи дека ниедна од понудите не ги исполнува критериумите наведени во повикот.

## 12. Известување на понудувачите

До избраниот најповолен понудувач ќе се достави известување на адресата на е-пошта наведена во понудата. Фондација Метаморфозис го задржува правото да ги контактира само избраните кандидати.